разгледува само како ‘’воплотена” и ‘’вочовечена’. Со фразата ‘’воплотена ‘’ на Свети Кирил Александриски, се изразува совршеноста на човечката природа во едното лице на Логосот.[19]

За првпат вистината за терминот „Богородица” (Θεοτόκος) се втемелува во настанот на ипостасното (личносното) единство на двете природи, но и во вистината оти Божествениот Логос (Синот = Христос), Кој е Предвечен Бог, се роди од на Дева Марија, надминувајќи ги законите на природата. Вистинското раѓање,[20] го разјаснува терминот ‘’Богородица”, односно тоа дека навистина Дева Марија го роди Божествениот Логос, без тоа да значи дека таа ја роди вечната божествена природа.[21] За да се соочи Свети Кирил со ‘’етичкиот” проблем, тоа дека Логосот се всели – слезе врз човек (Христос), објаснува дека од почетокот, од редовите на Дева Марија (од самото раѓање), Логосот ја обедини со себе човечката природа и се роди според тело. И секако во тоа реално раѓање, се зачувуваат својствата на двете природи кои се обединија.[22]



19 Κυρίλλου Ἀλεξανδρείας, Ἐπιστολή 46 PG 77, 244 A.
20 Логосот зема тело воодушевено (ἐμψυχωμένο) и логичко.
21 Στυλιάννοῦ Γ. Παπαδόπολου, Η συμβολή του Αγίου Κυρίλλου Αλεξάνδρειας στη Χριστολογία… стр. 24.
22 Κυρίλλου Ἀλεξανδρείας, Ἐπιστολή Δ΄, Προς Νεστόριον Β’, PG 77, 45 BCD.





# ЗА ПОЧИТТА КОН СВЕТИТЕЛИТЕ

**Виктор Недески**

Човекот е создаден по образ и подобие Божјо (1 Мојс 1, 26). Бог, непристапен во Својата величина и поголем од секој образ, го покажал Својот образ во човекот, го покажал Својот образ јасно и во слава. Тоа значи дека на човеркот му е даден потенцијал да стане бог по благодат, односно да постигне светост, која треба да биде цел на животот на секој христијанин, зашто и самиот Бог нè повикува: „Бидете свети, бидејќи Јас сум свет“ (1 Петар 1, 16).

Темата за православното поимање на светоста и почитта која Православната Црква им ја оддава на светителите е многу важна, бидејќи многу протестантски групи ја критикуваат Православната Црква дека таа ги обожува светителите и ним им се обраќа за спасение, наместо на Спасителот Христос.

Затоа постои пастирска потреба да се објасни на кој начин Православната Црква ги почитува светителите и до каде оди оваа почит. Важно е да се нагласи каква е нашата врска со светителите и што подразбира оваа врска. Исто така, треба да се одговори на забелешката на протестантите дека светителите не се секаде присутни и поради тоа, не ги слушаат нашите молитви. Да ги протолкуваме чудата кои ги вршат светителите и да ги потврдиме на библиска основа: да се осврнеме кон првата Црква, за да се увериме дали во неа постоело почитувањето на светителите и пред сè, јасно да ја истакнеме разликата помеѓу почит и служење, богослужбено поклонение и поклонение како покажување почит и љубов, кои им ги оддаваме на светителите.

Според верата на нашата Црква, светителите ја рефлектираат славата Господова (2 Кор 3, 18) и блескаат со несоздадената Божја светлина (Мт 5, 14; Јн 8, 12; Еф 5, 8; Кол 1, 12; Откр 22, 5). Славата на светителите и ангелите не е независна од славата на Христа, бидејќи тие се членови на Неговото тело. (Еф 1, 23; 4, 16; 5, 23; Кол 1, 18; 24). Се именуваат возљубени од Бога (2 Лет 20, 7; Ис 41, 8), пријатели Божји (Пс 138, 17; Јн 15, 14; Јк 2, 23), Христови браќа (Мт 12, 50). Тие се храм и живеалиште Божјо (1 Кор 3, 16-17; 6, 19; 2 Кор 6, 16), чеда Божји (Јн 1, 12; Гал 3, 26-27), наследници и сонаследници Христови (Рим 8, 17). Споменот на светителите е вечен ( Пс 111, 1-9; Изреки 10, 7; Евр 11, 4-38).

Самиот Бог, преку Светото Тело Христово, доаѓа во личносно општење со човекот и му ја предава светоста. Станува збор за светоста на Телото Христово, а не за светост на човекот независно од неговото заедничарење со Христа (Јн 14, 23; 1 Кор 3, 5-17; 6, 19; 2 Кор 6, 16; Ефес 2, 22). Така, Христос триумфира преку светителите (Јн 21, 19; 2 Кор 2, 14).

Во Откровението на Јован, дваесет и четирите презвитери, кои ја претставуваат победничката Црква, имаат „златни венци на главите“ (Откр 4, 4). Неизбројливото мноштво светители, кои „ги испраа облеките свои и ги избелија со крвта на Јагнето“ (Откр 7, 14), се наоѓаат „пред престолот и пред Јагнето“ (Откр 7, 9); ним им се дадени „престоли“ за да царуваат „илјада години“, до второто доаѓање, кога телото Христово, Црквата, ќе биде предадена од својот возглавител на Троичниот Бог, за да биде „Бог сè во сè“ (Откр 20, 4; 1 Кор 15, 23-28).

Христос е единствениот „Утешител“, единствениот „посредник“ и „спасител“ (1 Јн 2, 1; Јн 14, 6; 13-14; 1 Тим 2, 5; Дела 4, 12); само со Крвта Христова се остварува помирувањето (1 Птр 1, 18-19); „другиот Утешител“, Светиот Дух преку Светите Тајни ги напојува во наша полза Даровите Христови: со крштението нè воведува во телото Христово (Гал 3, 27; 1 Кор 12, 3); со Светата Причест нè храни со „лебот на животот“ (Јн 6, 48-53). Во оваа апсолутна смисла не постои друг спасител, ниту втор посредник.

Но, во Светото Писмо станува збор и за посредништво на луѓе и ангели, преку молитва и застапништво (1 Мојс 18, 23-33; 20, 3-18; 32, 9-14; Јов 42, 8-10; Изреки 15, 8; Зах 1, 12-13; Ер 7, 16). Луѓе се именуваат „пратеници“ (2 Кор 5, 18-20; Ефес 6, 20) и „спасители“, но со значење дека водат кон единствениот Спасител Христос (1 Кор 9, 22). Бог го уверува пророкот, дека ако се најде барем еден свет човек, заради него ќе го спаси целиот град (Ер. 5, 1; Ез 22, 30).

Но, можеби „посредништвото“ во оваа смисла се однесува само на живите? Не; зашто Бог му вели на пророкот Еремија: „да беа застанале пред лицето Мое дури Мојсеј и Самуил, душата моја пак немаше да се приклони кон тој народ“ (Ер. 15, 1); што значи дека во други случаи Бог одговарал на молбите на светите луѓе за народот. Во Откровението ја гледаме победничката Црква – дваесет и четирите презвитери како држат „златни чаши, полни со темјан, кои што се молитвите на светите“ (Откр. 5, 8), односно на верниците кои живеат на земјата, кои ги соединуваат со своите молитви.

Небесната Црква ги прима нашите повикувања; секако, посредува пред Господа да престане маченииштвото на нивните браќа на земјата (Откр 6, 9-11), нешто што на крај Бог го слуша (Откр 7, 9-11; 8, 3-5; 11, 16-18; 14, 14-20; 4 Цар 20, 4-6; 2 Мак 15, 12-16).

Значи кога ги повикуваме светителите, нашата надеж не е празна; светителите се соединети со нас со врската на љубовта, која „никогаш не престанува“ (1 Кор 13, 8). Веруваме дека ние вистински сме „сожители на светите и свои на Бога“ (Ефес 2, 19-20).

Дали светителите се секаде присутни, за да го слушнат нашиот повик? Не. Светителите независно од благодатта Божја не се секаде присутни, ниту се информираат со својата сила што се случува далеку од нив. Но, облечени во несоздадената Божја благодат, преку Светиот Дух, како членови на Телото Христово,





кое е соединето со Божеството, можат да ги надминат природните закони и да учествуваат во животот на своите браќа на земјата.

Штом луѓето Божји кои живеат на земјата можат со благодатта Божја да ги надминат природните закони, треба да заклучиме дека тоа може да го направат многу повеќе членовите на победничката Црква. Како показател на тоа наведуваме неколку примери од Светото Писмо.

Срцето на Елисеј беше со Гиезиј и можеше да дознае што се случува на далечина (4 Цар 5, 25-27). Авраам „го виде“ денот Господов „и се зарадува“ (Јн 8, 56). Апостолот Петар ја позна лукавоста на Ананија (Дела 5, 3).

Бог ги открива чудесните нешта „преку Духот за полза“; значи сè врши Светиот Дух, без да биде врзан од природните закони, кои Бог ги поставил со одредена цел (1 Кор 12, 7-11; 2 Кор 12, 2-4). Самиот Господ нè уверува за заедницата на љубовта во небесната Црква, која е информирана за настаните во нашиот живот и се радува за покајанието на секој грешник (Лк 15, 7-10).

Бог чудотвори преку светителите и праведниците (3 Цар 17, 21-22; 4 Цар 4, 33-35; Дела 5, 12-16; 12, 11-12); не само преку оние кои живеат на земјата, туку и преку упокоените светители. Така, пророкот Исаија добива заповед да се врати „кон Езекиил, владетелот на народот“ и да му пренесе дека ќе се спасат тој и народот од рацете на Асирците „заради Мојот слуга Давид“, односно благодарение на Давид, кој веќе не бил во овој живот (4 Цар 20, 4-6).



Светите пророци Даниил, Давид и Соломон (Третјаковска галерија, 1947 г.)

Нечестиво е да се тврди дека врската на љубовта помеѓу борбената и победничката Црква ја намалува посредничката улога на Утешителот, бидејќи светителите немаат сила сами од себе за да чудотворат и да влијаат на нашиот живот независно од благодатта Божја. „Духот на Илија“ кој „слезе на Елисеј“ беше благодатта на Светиот Дух, а не нешто независно од неа. Затоа и „синовите на пророците“ му се поклонуваат до земја (4 Цар 2, 14-15). Истото го гледаме и при воскресението на човекот кој бил погребан во гробот на Елисеј (4 Цар 13, 21). Чесните коски не чудотворат сами од себе, туку преку божествената благодат која ги опкружува и го

облагодатува целиот човек, а не само неговиот дух.

Чест и почит кон светителите во Православната Црква се изразува и со поклонение. Не станува збор за богослужбено поклонение, кое изрично е забрането од Светото Писмо (2 Мојс 20, 4-5; 5 Мојс 6, 12-14; Мт 4, 10), зашто никогаш ниеден православен христијанин не се поклонува на никакво битие (ангелско или човечко) како на Бога. Единствено во таков случај поклонението би било апсолутно, односно богослужбено.

На светителите им се поклонуваме без да заборавaме на нивната природа, односно не примајќи ги како богови, зашто сметаме дека поклонението не е секогаш показател на богослужение. Ако оној кому му се поклонуваме не го сметаме за Бог, тогаш со поклонувањето не му оддаваме богослужение, туку тоа е знак на почит и љубов. Во овој контекст на искажување почит, Давид им се поклони на Јонатан (1 Цар 20, 41) и на Саул (1 Цар 24, 9); Натан му се поклони на Давид (3 Цар 1, 23), синовите на пророците на Елисеј (4 Цар 2, 15), Навуходоносор на Даниил (Дан 2, 46). Дури и во Новиот Завет затворскиот чувар им се поклонува на Павле и Сила (Дела 16, 29), додека самиот Господ ветува дека ќе ги принуди Јудејците да му се поклонат на епископот Филаделфиски (Откр 3, 9; 1 Цар 5, 4).

Оние кои го отфрлаат почитувањето и поклонувањето на светителите, се повикуваат на случаи од Светото Писмо (Дела 14, 11-15 и Откр 19, 10; 22, 8-9).

Во Дела 14, 11-15 јасно се гледа дека луѓето ги сметале Павле и Варнава за богови. Затоа и апостолите со право реагираат и се спротивставуваат. Ним не им припаѓа такво поклонение зашто е богослужбено.

Во вториот случај, Јован изненаден од тоа што се удостоил да го види, под дејство на видението на самиот Господ (Откр 1, 17-18), помислил дека повторно пред него е Господ. Затоа и се наведнал за да му се поклони. Меѓутоа, ангелот му ја кажува вистината за тоа што се случува: „јас сум твој сослужител“, не ми припаѓа такво поклонение. Тоа му припаѓа само на Бога.

Ако прифатиме дека Јован сакал да му се поклони на ангелот за да му покаже почит, тогаш имал такво право (4 Мојс 22, 31; Ис. Н. 5, 14), и секако во таков случај поклонувањето не би било богослужбено. Тогаш одбивањето на ангелот би било знак на смирение и понизност. Инаку, зошто Јован се обидува да му се поклони на ангелот по втор пат? (Откр 22, 8-9).

Ова е толкувањето на Писмото, согласно со учењето на Црквата (1 Тим 3, 15). Истото е посведочено и од ранохристијанските текстови. Првите христијани исповедаат:

„Не би можеле некогаш да го напуштиме ниту Христа, кој пострада за спасението на спасените по целиот свет, безгрешниот за грешниците, ниту, пак, да богослужиме на некој друг. Зашто Нему Му се поклонуваме како на Син Божји, а маченициите ги љубиме како Господови ученици, достојно, заради несовладливата посветеност на својот цар и учител“. Ова е наведено во описот на мачеништвото на





свети Поликарп († 156). Во него е забележано и тоа дека христијаните ги собрале коските на маченикот, „подрагоцени од драгоцени камења и поблагородни од злато“ и ги погребале на соодветно место, каде се собирале и го празнувале „роденденот на неговото мачеништво“ (Μαρτ. Μολυκ. 17-18; 3β 3θ).

Ориген († 253/4) наведува дека „душите на обезглавените заради сведочењето на Исус не управуваат залудно со небесните богатства, туку со нив им служат на оние кои бараат прошка на гревовите“ (Ωριγ. Εις μαρτ. Προτρ. 30; Види: Откр 20, 4).

Свети Василиј Велики (330-379) зборува за прославувањата кои се правеле во чест на светителите (Ἐπιστ. 227, πρός τούς ἐπισκ. τοῦ Πόντου. Ὅροι κατά πλάτος 8, 40) и за повикување на светителите (Ὁμιλ. 4, εἰς ἅγ. Μάμαντα 1): „Оној кој е тажен прибегнува кон четириесетте, оној кој се весели – трча кон нив. Едниот за да најде решение во тешкотиите, другиот, пак, за да ги сочува во себе најдобрите богатства... вашите барања правете ги заедно со маченициите“ (Μ. Βασ. Ὁμιλ. 5, εἰς τούς ἁγ. Τεσσαράκοντα 8). Почитта кон светите четириесет маченици, како што нè информира Василиј Велики, била раширена во многу области и овие светители „се украс на многу татковини“ (Εἰς τούς ἁγ. Τεσσαράκοντα 8).

Свети Јован Златоуст (344-407) зборува за „литии и молитви ... во храмот каде што се моштите на апостолите“, со цел да се избегнат страдањата на градот (Χρυς., Πρός τούς καταλείψαντας τήν Ἐκκλ.). Како што вели Златоуст, силата на светите маченици „секојдневно е жива и дејствува, изгонува демони, ги отстранува болестите, оживува цели градови и овде собира мноштво луѓе“ (Περί ἀπολαύσεως τῆς τῶν μελλόντων 2). Уште потенцира дека почитувањето на светителите „се пренесува кон Владиката“ (Ὅτε πρεσβ. Προεχ. 2. Види: Мт 5, 16).

Истото го кажува и свети Григориј Богослов (329-390): „Треба да ги прославуваме сите маченици“ (Λόγος κδ᾽ 3-4, εἰς τόν ἅγιο Κυπριανό); „сега маченициите прават да се отвори небото...“ (Λόγος μδ᾽ 12 εἰς τήν Νέαν Κυριακ.). „И сега тој е на небото и таму ги пренесува своите жртви за нас“ (Λόγος μγ᾽ 80, εἰς Μ. Βασίλ.). „Се молиме грижливо да нè следиш од височините и народот кој е околу тебе да го водиш во совршенство“ (Λόγος κα᾽ 37, Εἰς τόν Μ. Ἀθαν.).

Врз оваа основа, Седмиот вселенски собор во 787 г. ја изрази верата на Православието: „Христа – како Бог и Владика, а светителите – преку заедничкиот Владика, како негови вистински исцелители да ги почитуваме и чествуваме и да им го оддаваме соодветното поклонение“. (Синодик на Православието на Седмиот вселенски собор).

Ова е православното учење за светителите. Значи не веруваме дека светителите можат да се спасат себеси или другите луѓе. Какви и да се делата на светителите не се доволни ниту за нивното лично спасение, зашто не го надминуваат исполнувањето на должноста (Лк 17, 10). Но, Бог го цени нивниот избор и им дава повеќе отколку што заслужуваат. Следствено, ова учење на Православието не влијае на спасителното дело на Христа.